ТИМЕЛ

# ПРОФИЛ НА ТИМЕЛПРОЕКТ

Тимелпроект, д.о.о. (ТИМЕЛ) е приватна инженеринг фирма која нуди консалтинг услуги, проектирање и изведба на електроенергетски, индустриски, телекомуникациони и инфраструктурни објекти. Фирмата е основана во 1998 година со средиште во Скопје.

Тимелпроект е модерна фирма составена и водена од професионалци кои своето долгогодишно искуство и образование го имаат стекнато во земјата и странство. Фирмата има 13 редовно вработени и три постојани советници и соработници. Една половина од нашиот кадар се инженери со долгогодишно искуство во водење и организирање на проекти, проектирање и изведба на електроенергетски постројки и објекти. Во редовите на својот кадар има професионалци со образование стекнато на постдипломски студии во Хрватска и САД: 1 магистар по електротехнички науки, 1 магистар по деловна администрација, и 1 доктор по елетротехнички науки. Другата половина од нашиот кадар се искусни електротехничари, електромонтери и висококвакификувани работници кои можат да се справат со сите предизвици во изградба на постројки и објекти. На тој начин, нашиот компактен тим може успешно да одговори на секој предизвик на задоволство на нашите клиенти. Нашиот раст го базираме на квалитетот на услугите и брзината со која ги извршуваме работите, секогаш задоволувајќи ги инвеститорите со договорените рокови и квалитет на извршените работи. Нашиот квалитет на услуги го потврди и сертификацијата на ISO 9001:2000 стандард за квалитет од швајцарското сертификационо тело SGS која стана и трајна придобивка во работењето на нашата фирма. Знаењето, искуството, квалитетот и брзината се секогаш одлика на нашето работење и овие параметри ја даваат нашата компаративна предност пред конкуренцијата во Македонија.

Нашите инженерски услуги се следни:

- Менаџирање со проекти во сите фази, од планирање преку проектирање и изведба до пуштање во работа на електроенергетски постројки и објекти
- Проектирање и Изведба на енергетски постројки (трансформаторски станици, далекуводи и кабелски водови) и индустриски постројки


***Тимелпроект, д.о.о.***
*ул. Црноризец Храбар, 24А*
*П. Фах 338*
*1000 Скопје, Р. Македонија*

***Телефон:*** (02) 277-4931
***Факс:*** (02) 277-4932
***E-mail:*** timel@timel.com.mk
***Web:*** www.timel.com.mk

***Лице за Контакт:***
*М-р Благоја Блажев*
*Директор*
***E-mail:*** blazev@timel.com.mk


***Квалитетот ни е на прво место. Успехот го мериме според задоволството на нашите клиенти.***

- Консултантски услуги
- Фисибилити студии, идејни и главни проекти и решенија и техно-економски анализи
- Енергетско напојување на станбени објекти и индустриски постројки во градски и рурални средини
- Набавка и инсталација на енергетска, електро и телекомуникациона опрема и материјали
- Изградба на објекти по принципот "клуч на рака" на:
  - Дистрибутивни системи и трафостаници од сите напонски нивоа (10(20) kV, 35 kV, 110 kV и 400 kV)
  - Преносни системи, надземни и кабелски водови од сите напонски нивоа (0,4 kV, 10(20) kV, 35 kV, 110 kV и 400 kV)
  - Инфраструктурни и индустриски објекти
  - Базни телекомукациски станици
  - Контролни и диспечерски системи
- Изведба на ископи и фундаменти
- Автоматизација и котрола на процеси
- Заштита на животна средина
- Енергетска ефикасност
- Хидроинженеринг
- Рехабилитација на енергетски и индустриски објекти
- Контрола и надзор над изведба на објекти и постројки
- Одржување на енергетски постројки

Тимелпроект има развиено деловни односи со домашни и странски специјализирани организации и екперти кои може да ги вклучи во изработка и реализација на проекти. Исто така, во зависност од обемот, динамиката и договорените рокови на превземените работи, Тимелпроект ангажира надворешен тим на експерти и/или висококвалификувани работници, монтери и мајстори за навремено изведување и градба на работите на терен за различни фази (електро, машински и градежни). На барање на инвеститорите, Тимелпроект учествува во сите фази на проект менаџментот, од припрема на проекти и потребна документација, преку проектирање, изведба, испитување и пуштање во работа, до

***Енергетски дистрибутивни системи, трафостаници и далекуводи се наша специјалност.***



***PLC кабинети***



***Хидро централи***

***Тимелпроект има врвен капацитет и долгогодишно искуство во извршување на задачи во енергетската индустрија.***



***Контролни простории***

предавање на објектот во употреба. За реализација на работите располагаме со проектна организација која користи модерни софтверски пакети и IT инфраструктура за проектирање и припрема на техничка документација. Нашиот тим за изведба и монтажа поседува целокупна опрема и алат потребни за извршување на електроенергетски, машински и градежни работи.

Во досегашната работа, наши клиенти на домашниот пазар се: Електростопанство на Македонија Дистрибуција АД – ЕВН, ЕВН Македонија, ЕЛЕМ АД, МЕПСО АД, Електродистрибуција-Скопје и повеќе други електродистрибуции во Македонија, Фени Индустрија Кавадарци, Пивара Скопје АД, Управа за Цивилна и Воздушна Пловидба, УСАИД, неколку општини во Македонија, Рудник САСА, Рудник Тораница, Бомекс, Интраком, Европска Агенција за Реконсктрукција (ЕАР), Рамстор-Скопје, Цементарница Усје Скопје, Топлификација АД, ТЕТО АД, Космофон, Бомекс, Министерство за Животна Околина и Просторно Планирање и Министерство за Економија, како и повеќе фирми од приватниот сектор во земјава.

Од странските фирми со кои Тимелпроект има остварено и остварува заеднички проекти во Македонија и регионот ги издвојуваме следните:

Montgomery Watson Harza (MWH), Enron Europe, Siemens AE, ABB, Schrack Energietechnik, Schneider Electric, Kellogg Brown & Root Services, STV Construction Services, The Environmental Company (TEC), Emerson Process Management Power and Water Solutions, U.S. Army Corps of Engineers (USACE), Argonne National Laboratory, Advanced Engineering Associates International (AEAI), U.S. Agency for International Development (USAID), U.S. Trade and Development Agency (US TDA), European Agency for Reconstruction (EAR), International Management Group (IMG), BSREC, ENEL Produzione SpA, KFOR British Forces, National Defense of Canada - Engineer Resource Cell, International Resources Group (IRG), GAMA Power Systems, Iberdrola, Bechtel, Nexant, ITECO Engineering, Encon Services International, ESB International, & SouthEast Europe Consultants (SEEC).



***ВН Постројки***



***Системи за автоматизација, каблирање и шемирање***



***Трафостаници***



***Индустриски постројки***